Друштво за ревизија
КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО
Бр. 106/10
18.03.2010 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 од Законот за ревизија на Република Македонија (Сл. Весник бр. 79/05), Друштвото за ревизија КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на адреса Соравиа Центар Скопје, 7ми кат, ул. Војвода Васил Аџиларски бб, Скопје (во понатамошниот текст: "Друштвото"), го објавува следниот:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА

## 1. Правна структура и сопственост

Друштвото е основано и постои согласно законите на Република Македонија како друштво со ограничена одговорност со седиште во Скопје, на адреса Соравиа Центар Скопје, 7ми кат, ул. Војвода Васил Аџиларски бб, запишано во Трговскиот Регистар на Република Македонија под ЕМБС 5078598 и регистрирано за вршење на дејноста ревизија и за други дејности во внатрешниот и надворешниот трговски промет. Основачи на Друштвото се г-дин Ѓорѓи Чучук, овластен ревизор, сопственик на 50% удел и г-ѓа Гордана Никушевска, овластен ревизор, исто така сопственик на 50% удел. Друштвото поседува соодветна дозвола за вршење на дејноста ревизија издадена од страна на Министерството за финансии на Република Македонија (Решение бр. 07-9876/1 од 07.05.2004 година).

## 2. Опис на професионалната мрежа

На глобално ниво КПМГ е една од најголемите светски фирми за ревизорски, даночни и советодавни услуги. Со повеќе од 137.000 вработени во 144 земји во светот КПМГ им нуди на своите клиенти професионални услуги на локално ниво дополнети со услуги од меѓународен ранг. КПМГ во Република Македонија формално започна да работи на 1 октомври 1997. КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје е полноправна и соодветно лиценцирана фирма членка на меѓународната мрежа на фирми под брендот на КПМГ. Просечниот број на вработени во Друштвото во 2009 година изнесува 46 лица.

## 3. Опис на управувачката структура на Друштвото

Управител на Друштвото согласно Законот за трговски друштва на РМ е Ѓорѓи Чучук, кој воедно е и Сениор Партнер согласно внатрешните организациски правила на КПМГ. Согласно овие правила на КПМГ, Гордана Никушевска е Партнер за ревизија во Друштвото.

## 4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот

Во Друштвото постои развиен, детален и ригорозен систем на внатрешна контрола. Контролата се остварува преку секојдневно контролирање на работата по хиерархиско-пирамидален систем од најниското кон највисокото ниво на менаџментот. Предвидени се периодични внатрешни контроли кои се спроведуваат врз основа на специјално дизајнирана методологија и софистициран софтвер за контрола на КПМГ. Еднаш годишно Друштвото е предмет на детална контрола која се врши од страна на тим од професионалци –

ревизори од други фирми членки на КПМГ, а врз основа на методологијата и софтверот за контрола на КПМГ. Друштвото изјавува дека системот на внатрешна контрола функционира ефикасно и без исклучоци.

**5. Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2009 година**

АВТ-Интернационал ДООЕЛ, Скопје
Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје
Крка Фарма ДООЕЛ, Скопје
Министерство за економија на Република Македонија
Макстил АД Скопје
Министерство за труд и социјална политика на Република Македонија
Алфа Астика Акинита ДООЕЛ Скопје
Дуферко
ХУАД "Македонија турист"- Скопје
Жито Вардар АД Велес
Клириншка Куќа Клириншки Интербанкаски Системи
Гели Доо Скопје
АЛФА БАНКА АД Скопје
Интернационален Картичен Систем
Линде Гас Битола ДООЕЛ Скопје
Акцент Медиа ДООЕЛ Скопје
Фудбалска Федерација на Македонија (ФФМ)
ЕУРОЛИНК Осигурување АД Скопје
Порше Македонија ДООЕЛ Скопје
Лукоил Македонија ДООЕЛ Скопје
ЕОС Матрикс ДОО - Скопје
ЕУРОЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје
АД Нестле Ајс Крим - Скопје
Центар за неформално образовани Триаголник Скопје
Месер Вардар Техногас ДООЕЛ, Скопје
Шарр Бетеилигунгс, Хани и Елезит
Нестле Адриатик Македонија ДООЕЛ Скопје
Сан Сити ДОО Скопје
АД за Осигурување Вардар Скопје
ЕВН Македонија Холдинг ДООЕЛ Скопје
ЕВН Електростопанство на Македонија АД Скопје
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје
ИМБ Млекара АД Битола
ЕФТ Македонија дооел, Скопје
ВИП ОПЕРАТОР ДООЕЛ - Скопје
НЛБ Нов Пензиски Фонд А.Д. Скопје
Капитал Банка АД, Скопје
Извозна и Кредитна Банка АД, Скопје
ЕУРОИНС Осигурување А.Д. Скопје
ММ Инвестмент ДОО Скопје
Хабитат-Македонија, Скопје

## 6. Политика за континуирана едукација

Во Друштвото се спроведува константна и задолжителна едукација на овластените ревизори, како и на другите вработени во Друштвото преку посета на специјално организирани едукативни работилници во земјата, а пред се во странство, при што се води сметка да секој вработен помине минимум 5 работни дена (најчесто и повеќе), на најразлични курсеви и обуки за негово усовршување според најнова методологија и стандарди. Друштвото со ова изјавува дека најдоследно се придржува кон политиката за континуирана едукација на своите вработени. Тоа го налагаат и внатрешните правила на КПМГ кои изискуваат константно усовршување на сите вработени во КПМГ.

## 7. Финансиски информации

Вкупниот приход на Друштвото за 2009 година остварен од ревизијата и од другите надоместоци наведени подолу изнесува 70.406.300,00 денари. Овој приход е остварен од следните дејности:

- Од дејноста ревизија и услуги на уверување во квалитет: 57.730.265,00 денари;
- Од дејноста даночни советодавни услуги: 1.190.491,00 денари; и
- Од други неревизорски услуги: 11.485.544,00 денари.

Скопје, 23.02.2010 година

**Друштво за ревизија**
**КПМГ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје**
Управител: Ѓорѓи Чучук